**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-125/5**
**Скопје, 29.10.2024 година**

Записник од четврта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 29.10.2024 година

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г-ѓа Марјана Илиеска член
г- дин Ермон Незири член
г-ѓа Кети Петкова член
г-ѓа Зорица Павловиќ член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-ѓа Душица Димириеска ја отвори четвртата седница на Советот. Констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на седница на Советот.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска предложи измена на дневниот ред и тоа во делот на точката еден. Предложи истата да не биде разгледана од причина што не е присутен Јавниот обвинител на РСМ кој е на службено патување и смета дека треба да му се даде можност и тој да го разгледа залисникот и гласа по истиот.

Предлогот на Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот по што дневниот ред за четвртата седница ќе гласи:

1. Донесување на Одлука за номинирање на членови и заменици членови на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители
2. Разно

Вака изменетитот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точката еден од дневниот ред, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека од страна на АСЈО до Советот е доставен допис во кој од Советот се бара да номинира двајца членови и нивни заменици на Управниот одбор. Воедно ги запозна членовите на Советот со содржината на дописот по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Г-ѓа Кети Петкова кажа дека за член на Управниот одбор може да биде само јавен обвинител од редот на јавните обвинители членови на Советот и дека Управниот одбор треба да има континуитет во работењето. Кажа дека Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска е веќе член на УО на АСЈО неколку месеци бидејќи го заменувала дотогашниот член на УО на АСЈО г-ѓа Фиданка Рајевска. Воедно предложи за член на УО на АСЈО да биде г-ѓа Душица Димитриеска.

Г-ѓа Зорица Павловиќ за член на Управниот обвор на АСЈО од страна на јавните обвинители во Советот го предложи г-дин Башким Бесими за кој кажа дека станува збор за истакнат јавен обвинител.

Г-ѓа Јелена Догазанска Колева се согласи со предлозите на колегите за членови на Управниот одбор на АСЈО и воедно за заменик на г-ѓа Душица Димитриеска ја предложи г-ѓа Татјана Кацарова, Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Штип.

Г-дин Ермон Незири напомена дека со оглед има помалку кандидати од причина што голем дел од јавните обвинители се присатни во АСЈО по разни основи како предавачи, ментори, членови во различни комисии со што имаат формални пречки и скоро 80% и имаат пречка да бидат членови на УО на АСЈО. Воедно предложи за заменик на г-дин Башким Бесими биде г-ѓа Теута Бедриу Рамадани, Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Куманово.

Предлозите едногласно беа прифатени од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе Одлука со која за членови на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители се назначуваат г-ѓа Душица Димитриеска и г-дин Башким Бесими,а за нивни заменици г-ѓа Татјана Кацарова и г-ѓа Теута Бедиу Рамадани.**

Откако никој не зема збор, претседателот на Советот ја заклучи четвртата седница на Советот

Записникот го водел
Генерален Секретар
Аспарух Мисајовски

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
Душица Димитриеска